УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04 – 12/1
18 -01- 2019
Скопје

Врз основа на чл. 110 став 1 точка 8 и чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 28. редовна седница одржана на 16.1.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1. **Д-Р БИЛЈАНА НАУМОСКА-САРАКИНСКА се избра** во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област **Англистика по предметите Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и коресподенција и Семантика.**

2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 15.6.2024 година.

3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

## Образложение

На објавениот конкурс за избор на **вонреден професор** во наставно-научната област **Англистика по предметите Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и коресподенција и Семантика** објавен во дневните весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Билјана Наумоска-Саракинска.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1182.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 16.1.2019 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. **д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор**
2. **д-р Екатерина Бабамова, редовен професор**
3. **д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Билјана Наумоска-Саракинска** во звањето **вонреден професор**.

Согласно чл. 175 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

избор
д-р Билјана
Наумовиќ
Сарашинска

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1182**

**Скопје, 14 декември 2018 година**

**народи – со посебен осврт на каноните на Лек Дукаѓини** од **д-р Ардиан Емини,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје....................................128-136

4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Димитар Николовски, Еркан Махмут, Марија Милошевска, Васко Андонов, Марија Трпковска, Тања Поповска, Алдана Лоровска)**..............................................................................................................137

## ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Придонес кон подобрувањето на својствата на шевот во производството на облека** од **м-р Сашка Голомеова,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје........................................138-144

## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Јасмина Стоиљковиќ)**..........................................145
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Славица Давидовска, Евгенија Јордановска, Драган Јаневски)**...............................................................................................................146

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Образовен софтвер, дигитални учебни материјали и настава со примена на ИКТ во услови на масовна информатизација на образованието** од **м-р Методија Јанчески,** пријавена на Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство во Скопје...............147-154
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Детекција на аномалии во реално време на масивни податочни потоци** од **м-р Зирије Хасани,** пријавена на Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство во Скопје...................................155-161
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерско во Скопје **(Сања Танчевска, Злате Додевски, Владимир Јосифоски, Ивана Митева, Елена Марковска, Јован Самарџиски, Александар Ивановски, Аделаида Ивановиќ, Теодора Чижбаноска, Наталија Славева)**...............................................................................162

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Сандра Рилкова, м-р Горан Саневски, м-р Аделина Хаскај, м-р Маја Филиповска, м-р Лидија Ристовска)**.....................................................................163
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Жанета Ѓорѓиевска)**.......................................................................................164

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор во наставно-научната област англистика (современ англиски јазик, деловна англиска комуникација и кореспонденција и семантика) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Билјана Наумоска-Саракинска)**.....................................................................................................165-180

## ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на растително производство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Емилија Симеоновска)**.......................................................................................................181-204

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА (СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК, ДЕЛОВНА АНГЛИСКА КОМУНИКАЦИЈА И КОРЕСПОНДЕНЦИЈА И СЕМАНТИКА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата 26. редовна седница, одржана на 21.11.2018 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Билјана Наумоска-Саракинска за избор во звањето вонреден професор во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика). По разгледувањето на целокупната документација поднесена на конкурсот, Рецензентската комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Екатерина Бабамова, редовен професор и д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика), објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, се пријави кандидатката д-р Билјана Наумоска-Саракинска за избор во звањето вонреден професор.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска е родена во Скопје, а во периодот од 1985 до 1994 престојувала со семејството во Канада, кадешто го завршила поголемиот дел од основното образование и целото средно образование. Високото образование, додипломските и постдипломските студии ги завршила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на Катедрата за англиски јазик и книжевност (наставна насока). Предвидените испити на додипломските и на постдипломските студии (отсек - англиски јазик) ги положила во предвидениот рок, со висок просек, а во 2013 година го одбранила својот докторски труд, “Деноминални атрибути во англискиот и во македонскиот јазик – контрастивна анализа”. Трудот е високо оценет од рецензентската комисија како труд чии резултати претставуваат директен придонес кон лексикографијата, зборообразувањето, морфологијата и семантиката на англискиот и на македонскиот јазик, и кон

контрастивната анализа на овие јазици воопшто, а индиректно се прилог кон општата лингвистичка теорија и кон теоријата на деноминалните атрибути. Практичната применливост на трудот е во тоа што резултатите што ги дава се од непосредна корист при преведувањето и учењето странски јазик, а примерите во опсежните табели претставуваат драгоцен материјал за изработка на речници.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од своето дипломирање до денес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска има богато наставно искуство, во голем дел стекнато на Катедрата за англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Откако дипломира, две години работи и како професор по англиски јазик во училиште за странски јазици, а од 2001 година до денес е член на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Првиот ангажман на Катедрата го има како лектор, а од 2005, откако магистрира, до 2013 година е виш лектор по предметот Современ англиски јазик. Во овој период е вклучена и во изведување настава по предмети во склоп на Британските културолошки студии, а држи и настава по предметот Англиски јазик под „Ц". Воедно, во овој период активно учествува и во проектот Writing University Project, со кој се воведуваат часови по академско пишување во склоп на предметот Современ англиски јазик, што е од огромна корист за сите студенти на Катедрата.

Откако докторира, во 2014 година се стекнала со звањето доцент по Современ англиски јазик и Граматика на англискиот јазик, и покрај редовните часови по Современ англиски јазик, држи часови и по предметите: Деловна англиска комуникација и кореспонденција, Семантика и Зборообразување на современ англиски јазик.

Покрај изведувањето настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", од 2011 година до денес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска предава Англиски јазик 1 во струка на Економскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Од 2005 година вклучена е и во студиите од втор циклус - *Јазици, бизнис и меѓународна трговија*, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", каде што изведува настава по предметите Деловен англиски јазик 1 и Англиски јазик - комуникација. Исто така, изведува и менторска настава по предметот Семантика, на втор циклус студии, во склоп на студиите по јазик, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", а од 2019 година ќе држи настава по предметот Теми од семантика (втор циклус студии по јазик).

Покрај наставата што ја изведува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и на Економскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Билјана Наумоска-Саракинска е вклучена и во изведувањето настава по предметот Англиски јазик на Академијата за судии и јавни обвинители, во 2014 и 2017 година.

Од оваа година, 2018, д-р Билјана Наумоска-Саракинска е избрана за визитинг - професор на Fakultet za pravne i poslovne studije Dr Lazar Vrkatic во Нови Сад, Србија,

кадешто е предвидено да држи настава по предметите: Контрастивна лингвистика и Современ англиски јазик.

Во периодот од 2014 до 2018 година, д-р Билјана Наумоска-Саракинска има остварено извонредно богата наставно-образовна дејност. Покрај редовната настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност по предметите за кои конкурира, таа учествува во бројни школи и работилници за обука на наставниците. Воедно, таа е ментор на дипломските трудови на голем број студенти, учествува како член на комисиите за оцена и одбрана на дипломски и магистерски трудови, а и ментор е по Англиски јазик за студиските програми за стручни стоматолошки сестри и стручни забни техничари (прв циклус студии), како и за студиските програми за доктори по дентална медицина (прв циклус студии). Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска е вклучена во повеќе проекти, обуки, школи и работилници. Учествувала во серијата вебинари (веб-конференции) организирани од страна на Американската амбасада, а учествувала и во проектот за стандардизација во оценувањето на ниво на високото образование во РМ, во соработка со Британскиот совет во Скопје. Таму, била вклучена во работна група, и учествувала во изработка на два прирачника во врска со ова.

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска редовно учествува на меѓународни конференции и симпозиуми, научни и стручни собири, во земјата и надвор, а автор е и на бројни статии, објавени на разни места - во стручни и научни списанија, во зборници на трудови од меѓународни научни и стручни собири и конференции, како и во зборници на трудови на високообразовни институции со меѓународен уредувачки одбор. Во 2018 година, д-р Билјана Наумоска-Саракинска објави (како коавтор) книга од стручна област - *Business English 1* - наменета за студентите од Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај редовното учество во проекти, обуки, школи и работилници, д-р Билјана Наумоска-Саракинска учествува и во разни експертски активности. Имено, во соработка со Британскиот совет во Скопје, вклучена е во изведувањето на бројни меѓународни испити за познавање на англиски јазик (Cambridge English Language Assessment - FCE, CAE, IELTS), а изведува испити за познавање на англиски јазик и одредување ниво според Европската јазична рамка и при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески". Исто така,

редовно учествува во изработка на испитот по Англиски јазик во склоп на државната матура, како независен читач.

Во 2018 година, по покана, и за потребите на Министерството за информатичко општество и администрација, вклучена е во изработка на стручен труд - генерирање на 200 прашања и одговори од ниска, средна и висока сложеност на англиски јазик.

Покрај останатите активности, д-р Билјана Наумоска-Саракинска е активна и во преведувачката дејност, каде што има направено бројни објавени и необјавени преводи од македонски на англиски и обратно, од разни области, како и лектура на англиски јазик на бројни статии, делови од книги, како и книги, монографии и учебници.

Во контекст на дејности од поширок интерес, д-р Билјана Наумоска-Саракинска учествува и учествувала во бројни факултетски комисии (Конкурсна комисија за запишување на студенти на прв циклус студии, Комисија за попис на библиотечен фонд, Комисија за евалуација на ниво на Факултет (претседател), Комисија за избор во звање (член), организационен одбор на меѓународен научен собир - ЕСИДРП 2019 (член)), и други. Повеќе детали за стручно-апликативната дејност на д-р Билјана Наумоска-Саракинска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец - Анекс 2).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на наставните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на д-р Билјана Наумоска-Саракинска, очигледно е дека станува збор за исклучително квалитетен наставник кој постојано се надградува, а во исто време ги надградува и знаењата не само на студентите на додипломски студии, туку и на постдипломските, и тоа на повеќе академски единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Д-р Билјана Наумоска-Саракинска има широк и богат круг на интереси во различни научни и академски полиња - настава, превод, лектура и други, а таа не само што ги следи иновациите, туку и самата учествува во нивното создавање и имплементирање, и на тој начин придонесува во развојот на научната мисла во професионалната заедница. Богатото и долгогодишно искуство во наставата на кандидатката, како и нејзината академска подготовка, овозможува таа да нуди значаен придонес во наставната дејност на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Врз основа на изнесените аргументи, како и врз основа на освоените 255,09 поени според Образецот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање (Анекс 2), Рецензентската комисија констатира дека д-р Билјана Наумоска-Саракинска ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира. Според тоа, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Билјана Наумоска-Саракинска во

звањето вонреден професор во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Деловна англиска комуникација и кореспонденција и Семантика).

Прилог: АНЕКС 2, Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и научно-стручно звање

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Билјана Нове Наумоска - Саракинска

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

**Научна област:** Современ англиски јазик, Семантика, Деловна англиска комуникација и кореспонденција (наставно-научна област: англистика)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава на прв циклус студии:<br>(14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2013/14) = 8.4; (20 x 15 x 0.04 – зим.сем.2015/16) = 12; (10 x 15 x 0.04 – лет.сем.2015/16) = 6.0; (18 x 15 x 0.04 – зим.сем.2016/17) = 10.8; (10 x 15 x 0.04 – лет.сем.2016/17) = 6.0; (18 x 15 x 0.04 – зим.сем.2017/18) = 10.8; (10 x 15 x 0.04 – лет.сем. 2017/18) = 6.0; (18 x 5 x 0.04 – зим.сем.2018/19) = 3.6 | 63.6 |
| 2. | Одржување настава на втор циклус студии:<br>летен семестар, 2016 - Деловен англиски јазик 1;Семантика (3 x 15 x 0.05 = 2.25); зимски семестар, 2017 - Англиски јазик - комуникација (3 x 15 x 0.05 = 2.25); Англиски јазик (Академија за судии и јавни обвинители, 2017) (54 x 15 x 0.05) = 40.5 | 45 |
| 3. | Настава во школи и работилници:<br>- учесник: 19 x 1 = 19<br>- 2018, септември: (обука) *E-Learning Course on Child protection Awareness*, во организација на Британски совет, Скопје;<br>- 2016, ноември-декември: работилница *Standardizing Assessment Training*, во организација на Британски совет, Скопје (x 5) | |

| | | |
|---|---|---|
| | - 2016, септември - ноември (обука/работилници) *American English Webinar Series 4*, во организација на Bureau of Educational & Cultural Affairs - U.S. Department of State (6x);<br><br>- 2016, април: (обука) *E-Learning Course on Child protection Awareness*, во организација на Британски совет, Скопје;<br><br>- 2015, септември - ноември (обука/работилници) *American English Webinar Series 1*, во организација на Bureau of Educational & Cultural Affairs - U.S. Department of State (6x) | 19 |
| 4. | Подготовка на нов предмет:<br><br>Предавања: 3 x 1 = 3<br><br>- Деловна англиска комуникација и кореспонденција<br><br>- Зборообразување на современ англиски јазик<br><br>- Семантика<br><br>Вежби: 1 x 0.5 = 0.5<br><br>- Деловна англиска комуникација и кореспонденција | 3.5 |
| 5. | Консултации со студенти:<br>(100 x 0.002 – лет.сем.2013/14) = 0.2; (400 x 0.002 – зим.сем.2015/16) = 0.8;<br>(100 x 0.002 – лет.сем.2015/16) = 0.2; 400 x 0.002 – зим.сем.2016/17) = 0.8;<br>(100 x 0.002 – лет.сем.2016/17) = 0.2; 400 x 0.002 – зим.сем.2017/18) = 0.8;<br>(100 x 0.002 – лет.сем.2017/18) = 0.2; 200 x 0.002 – зим.сем.2018/19) = 0.4 | 3.6 |
| 6. | Ментор на дипломска работа: 19 x 0.2 = 3.8<br><br>*- Зборообразувањето во англискиот јазик во ерата на интернетот;*<br><br>*- Француските заемки во англискиот јазик;*<br><br>*- Зборообразувачките процеси во серијалот Хари Потер;*<br><br>*- Употребата на кратенките во комуникацијата на социјалните мрежи;*<br><br>*- Неправилни форми и конструкции во драмите на Шекспир и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик;*<br><br>*- Идиоматски изрази во деловниот англиски јазик;*<br><br>*- Двосмисленоста на зборовно и на реченично ниво во англискиот јазик;*<br><br>*- Продуктивноста на зборообразувачкиот процес нулта деривација во современиот англиски јазик;*<br><br>*- Концептот антонимија во англискиот јазик;*<br><br>*- Латинските заемки во англискиот јазик;*<br><br>*- Италијанските заемки во англискиот јазик;* | 3.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | - *Влијанието на социјалните медиуми во лексиката на англискиот јазик;*<br>- *Концептот деиксис со посебен осврт на категоријата време;*<br>- *Влијанието на социјалните мрежи врз развојот на англискиот јазик;*<br>- *Зборообразувачките процеси во The Hobbit и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик;*<br>- *Употреба на определениот член the и неговите еквиваленти во македонскиот јазик;*<br>- *Еуфемизмите во англискиот јазик;*<br>- *Неологизмите во делата на Шекспир и нивните еквиваленти во македонскиот јазик;*<br>- *Зборообразувачкиот процес слевање и неговата употреба во англискиот јазик* | |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура: 1 x 0.3 = 0.3<br>- *Автономијата на ученикот во процесот на изучување на англискиот јазик како странски во средното образование* | 0.3 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: 22 x 0.1 = 2.2<br>- *Интегрирање на невролингвистички сознанија во наставата по англиски*<br>*јазик како странски;*<br>- *Употребата на англиските сегашни времиња и нивната реализација во*<br>*македонскиот јазик;*<br>- *Именски сложенки во англискиот и во македонскиот јазик;*<br>- *Хомонимија и полисемија како причина за хумор во англискиот и во македонскиот јазик;*<br>- *Ефикасни техники за усвојување правилен изговор при изучување на англискиот јазик како странски на почетно ниво;*<br>- *Јазични тешкотии со кои турските ученици и нивните наставници по англиски јазик се соочуваат при процесот на учење на англискиот јазик во основните училишта во Република Македонија;*<br>- *Условните реченици во англискиот и во македонскиот јазик;*<br>- *Изразување присвојност во англискиот и во македонскиот јазик;*<br>- *Стратегии за мотивирање на изучување на англискиот јазик како странски јазик на рана возраст;* | |

| | | |
|---|---|---|
| | *- Усвојување на will и going to од страна на македонските изучувачи на англискиот јазик;*<br>*- Улогата на игрите во развивање на комуникативната компетенција на учениците на возраст од 8 до 12 години при изучување на англискиот јазик како странски;*<br>*- Варијанти на англискиот јазик: анализа на ставовите и преференциите на македонските изучувачи на англискиот јазик;*<br>*- Мотивирачки активности за утврдување на вокабуларот во наставата по англиски јазик како странски со ученици на рана возраст;*<br>*- Менторирањето како рамка за развивање на наставните компетенции кај идните наставници по англиски јазик: Осврт кон сопствениот развој;*<br>*- Карактеристиките на успешниот наставник по англиски јазик;*<br>*- Наставата по англиски јазик како странски со ученици на рана возраст: предизвици и перспективи;*<br>*- Стратегии за справување со некооперативни ученици во наставата по англиски јазик како странски во средното образование;*<br>*- Излегување во пресрет на потребите на учениците во наставата по англиски јазик како странски во средното образование со фокус на повеќестраната интелигенција;*<br>*- Комуникативниот пристап во наставата по англиски јазик како странски: предности и недостатоци;*<br>*- Излегување во пресрет на потребите на учениците со аутизам во наставата по англиски јазик како странски;*<br>*- Изучување на англискиот јазик: Приказ на турскиот контекст во руралните средини во Република Македонија;*<br>*- Факторите што влијаат врз развивањето на повеќекратни личности кај повеќејазичните говорители* | 2.2 |
| 9. | <u>Интерна скрипта од предавања</u>: 4 x 4 = 16<br>- Семантика<br>- Збооробразување на современ англиски јазик<br>- Деловна англиска комуникација и кореспонденција | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Англиски јазик 1 | |
| 10. | Интерна скрипта од вежби: 3 x 3 = 9<br>- Современ англиски јазик 7<br>- Современ англиски јазик 8<br>- Деловна англиска комуникација и кореспонденција | 9 |
| 11. | Пакет материјали за одреден предмет: 3 x 1 = 3<br>- Англиски јазик (Академија за судии и јавни обвинители)<br>- Деловен англиски јазик 1<br>- Англиски јазик - комуникација | 3 |
| | **ВКУПНО** | **169** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект: 1 x 3 = 3<br>- стандардизација во оценувањето на факултетите во Р Македонија, во соработка со Британски совет - Скопје, 2017 | 3 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект: 1 x 5 = 5<br>- Учесник во серијата вебинари организирани од Bureau of Educational & Cultural Affairs - U.S. Department of State (за подобрување на наставата) | 5 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручно/научно-популарно списание:<br>4 x 2 = 8<br>- 2018. *Grammar instruction and the communicative approach - an unlikely pairing?* Modern English Teacher. Volume 27, Issue 3, стр. 55-57.<br>- 2017. *Knock, knock! Who's there? The teacher.* Modern English Teacher. Volume 26, Issue 1, стр. 31-33.<br>- 2017. *Teaching ESP - one instructor's take on it.* Modern English Teacher. Volume 26, Issue 2, стр. 4-6.<br>- 2017. *An alternative assessment approach in EFL writing.* Modern English Teacher. Volume 26, Issue 4, стр. 45-47. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>4 x 3<br><br>- 2018. *The Development of Technology in the Development of Language,*<br><br>Proceedings of the VI International Conference- Contemporary Education:<br><br>Conditions, Challenges, and Perspectives, стр.122 - 134.<br><br>- 2017. *The Issue of Assessment in ELT- Aims, Dilemmas, and Alternatives,*<br><br>International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2017) -<br><br>"Changing the World: Challenges, Opportunities and Responsibilities.<br><br>-2017. *Derivation of Denominal Adjectives in English in the EFL Classroom.*<br><br>Proceedings of the ESIDRP International Conference: English Studies at the<br><br>Interface of Disciplines: Research and Practice, стр.257-268.<br><br>- 2016. *Imroving Students' Speaking Skills in an EFL Context.* Conference Proceedings - International Conference on Social Sciences and Humanities.<br><br>*Challenges: from Diversity to Synergy,* стр. 49 - 58. | 12 |
| 5. | Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција: 2 x 2<br><br>- 2015-2016. *Зборообразувањето како лингвистичка дисциплина и историскиот развој на англискиот јазик,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 41-42, стр. 77-97.<br><br>- 2013-2014. *Деноминални атрибути во англискиот и во македонскиот јазик - контрастивна анализа (експозе од докторски труд),* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески", книга 39-40, стр. 591-603. | 4 |
| 6. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 7 x 1<br><br>- мај 2018: *The Development of Technology on the Development of Language,* VI International Conference - Contemporary Education: Conditions, Challenges, and Perspectives, Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, Штип, Македонија.<br><br>- мај 2018: *Establishing and Maintaining Objective Feedback in the EFL Classroom,* 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities<br><br>(ICSSH2018) - Sustainable Developments: Trends and Opportunities, International Balkan University, Скопје, Македонија.<br><br>- мај 2017: *The Issue of Assessment in ELT- Aims, Dilemmas, and Alternatives,* International Conference on Social Sciences and Humanities | |

| | | |
|---|---|---|
| | (ICSSH2017) - "Changing the World: Challenges, Opportunities and Responsibilities", International Balkan University, Скопје, Македонија.<br>- мај 2016: *Improving Students' Speaking Skills in an EFL Context,* International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2016) - "Challenges: from Diversity to Synergy", International Balkan University, Скопје, Македонија.<br>- март 2016: *Derivation of Denominal Adjectives in English in the EFL Classroom,* International Conference at the Department of English Language and Literature "English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice (ESIDRP), Филолошки факултет "Блаже Конески", Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија.<br>- мај 2015: *Derivation of Adjectives from Nominal Bases in English and Macedonian,* 2nd International Conference on English Language, British and American Studies, International Balkan University, Скопје, Македонија.<br>- мај 2014: *Derivational Affixes in the Formation of Denominal Adjectives in English and Macedonian,* First International Conference on English Language, British and American Studies, International Balkan University, Скопје, Македонија. | 7 |
| 7. | Апстракт објавен во зборник на конференција: 7 x 1 = 7<br>- меѓународна - 7 | 7 |
| | **ВКУПНО** | **46** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област:<br>- коавтор - *Business English 1* (2018) | 7 |
| 2. | Експертски активности: 9 x 1<br>- Speaking Examiner in CAE - Cambridge English Language Assessment, University of Cambridge; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - Speaking Examiner in FCE - Cambridge English Language Assessment, University of Cambridge;<br><br>- оценувач на делот Читање од испитот IELTS - University of Cambridge (clerical marker);<br><br>- оценувач на делот Слушање од испитот IELTS - University of Cambridge (clerical marker);<br><br>- независен читач по предметот Англиски јазик за Државната матура спроведена од Биро за развој на образованието;<br><br>- стручен труд - генерирање на 200 прашања и одговори од ниска, средна и висока сложеност на англиски јазик (Министерство за информатичко општество и администрација;<br><br>- ментор по Англиски јазик за студиските програми за Стручни стоматолошки сестри и стручни забни техничари (прв циклус студии);<br><br>- ментор по Англиски јазик 1 за студиските програми за Доктори по дентална медицина (прв циклус студии);<br><br>- визитинг професор на Fakultet za pravne i poslovne studije Dr. Lazar Vrkatic, во Нови Сад, Р. Србија | 9 |
| 3. | <u>Учество во промотивни активности на Факултетот:</u><br><br>- учесник во Отворен ден организиран од Факултетот (2018) | 0.5 |
| 4. | <u>Превод</u>:<br><br>- книга: 2 x 3 = 6<br><br>- 2016. превод на книга од македонски на англиски јазик , *The Creation of the Modern Macedonian State (Создавањето на современата македонска држава)*, автори: Поповски, В., Ѓорѓиев, В., Тодоровски, З., Ачкоска, В., Македоника Литера, Скопје.<br><br>- 2016. превод од македонски на англиски јазик *Monograph: Challenges of Personality in the 21st Century, Case: the Rapublic of Macedonia.* автори: Серафимовска, Е. и Марковиќ, М., Европа 92, Скопје.<br><br>- дел од книга: 1 x 1<br><br>- 2017. превод на делот од Виктор Лилчиќ (книга за Скопје)<br><br>- статија: 5 x 0.5 = 2.5<br><br>- Duev, Ratko. *Migrants in the Mycenaean world: the written evidence.* (2018) | |

| | | |
|---|---|---|
| | - Gjorgjiev, Vancho. *The Forbidden Name.* (2018)<br>- Jovanovski, Dalibor. *The Intellectual and War - The Activities of Lyubomir Miletich during WWI.* (2017)<br>- Sarakinski, Vojislav. *Musings on the facts and purpose of Rhaikelos.* (во *Жива Антика,* 2016 година)<br>- Jovanovski, D. & Sarakinski, V. *'Textbook truths' and political dilemmas: The image of Ancent Macedonia in 19th century Greek historiography*, Along Clio's Ways... Topical Problems of Modern Historical Science 1 (2016), pp. 127-136. | 9.5 |
| 5. | <u>Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик</u>:<br>- книга: 2 x 1 = 2<br>- 2016. *Monograph: Challenges of Personality in the 21st Century, Case: the Rapublic of Macedonia.* автори: Серафимовска, Е. и Марковиќ, М., Европа 92, Скопје.<br>- 2014. *English Phonetics for Albanian Students* (Janeva-Mihajlovska, M., Spahiu, M.), Европа 92, Скопје.<br>- дел од книга: 1 x 0.5 = 0.5<br>- 2016. поглавје од монографија со наслов *Macedonia in the Last 21st Century: Social, Political and Economic Issues,* Nova Science Publishers, INC, USA (http://www.novapublishers.com/), автори на текстот - Маријана Марковиќ и Елеонора Серафимовска, *Changes in Society, Changes in Personality - A Case Study in the Republic of Macedonia*<br>- статија: 38 x 0.25 = 9.5<br>- 2018. статија за Зборник, *A Kingdom Wild at Heart,* автор: В. Саракински;<br>- 2017. статија за списание, *The Vlachs in the politics of Greece - the case of Ioannis Kolettis,* автори: Д. Јовановски и Н. Минов;<br>- 2017. статии за Зборникот од меѓународната конференција организирана од Катедрата за англиски јазик и книжевност - ESIDRP - 33 статии;<br>- 2016. статија за Зборник, *Comfortably Sunk: Philip, the Battle of Chio, and the list of losses in Polybius,* автори на статијата - В. Саракински и С. Пановски;<br>- 2016. статија за списание, *The Implicit and Explicit Attitudes Towards Persons with Disabilities among Students who are preparing for Different Professions;* | 9.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - 2016. статија за Годишен зборник,*Comparing Macedonian and Austrian Students' Perception of Identity Aspects and Collective Identity*, автори на текстот - М. Марковиќ и Е. Серафимовска | |
| | **ВКУПНО** | **35.5** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Р. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: 1 x 1 = 1<br>*Студии по англистика - интердисциплинарност во истражувањата и практиката* ЕСИДРП 2019 | 1 |
| 2. | Член на факултетска комисија: 6 x 0.5 = 3<br>- претседател на Техничка комисија за запишување студенти на прв циклус студии<br>во учебната 2018/2019 година;<br>- претседател на Комисија за евалуација на ниво на Катедра за англиски јазик и<br>книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје;<br>- член на Комисија за спроведување испит за познавање на англискиот јазик;<br>- Комисија за превод на дипломи;<br>- член на Конкурсна комисија за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2016/2017 година;<br>- член на Комисија за попис на библиотечниот фонд за 2016 година | 3 |
| 3. | Член на комисија во избор на звање: 2 x 0.2 = 0.4<br>- Мира Беќар (во виш лектор);<br>- Марија Маџар-Рибар (во виш лектор) | 0.4 |
| 4. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: 1 x 1 = 1<br>- член на Работна група за стандардизација во високото образование (на ниво на високообразовните институции во РМ и во организација на Британскиот совет во Скопје) | 1 |
| | **ВКУПНО** | **5,4** |

Професионални референци на кандидатката за избор во звањето вонреден професор:

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 169

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 46

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 35,5

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС: 5,4

**ВКУПНО: 255,9**

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-392/3
21-03-2019
Скопје

Врз основа на чл. 110, чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 30. редовна седница одржана на 20.3.2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. **Д-Р АНЕТА НАУМОСКА се избра** во звањето **доцент** во наставно-научната област англистика по предметите **Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик и Психолингвистика.**

2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 19.3.2024 година.

3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот конкурс за избор на **доцент** во наставно-научната област англистика по предметите **Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик и Психолингвистика** објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Анета Наумоска.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1186.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 20.3.2019 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор**
**2. д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор**
**3. д-р Анжела Николовска, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Анета Наумоска** во звањето **доцент.**

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ната, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

избор доцент д-р Анета Наумоска

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1186**

**Скопје, 15 февруари 2019 година**

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Процесирање биоелектрични и биоакустични сигнали за предвидување медицински состојби** од **м-р Моника Симјаноска,** пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје........408-418

## ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Реферат за избор на наставник во сите настано-научни звања во настано-научната област (дисициплина) применета кинезиологија, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје **(д-р Жикица Тасевски)**........419-428

## ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за ракописот **Учебно помагало за теоретска настава по физичка хемија за фармацевти** од авторите **доц. д-р Наталија Наков, проф. д-р Руменка Петковска, проф. д-р ЗоранКавраковски,** пријавен на фармацевтскиот факултет во Скопје........429-437

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во научните области дефектологија, ортопедагогија и дефектолошка дијагностика на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Александра Каровска Ристовска)**........438-460
2. Реферат за избор на наставник во научните области: социјална работа (здравство, образование, социјална заштита), теорија на социјална работа, социјален развој и ментално здравје во заедницата на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Иван Трајков)**.....461-487
3. Рецензија на ракописот **Ментално здравје во заедницата,** од **проф. д-р Иван Трајков,** пријавен на Флозофскиот факултет во Скопје........488-493
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Евгенија Крстевска)**........494
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Антонио Коцески, Билјана Јовановска, Марија Колевска Димишковска, Билјана Стојанова, Елена Златевска)**........495

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите звања во наставно-научната област англистика (современ англиски јазик, историја на англискиот јазик и психолингвистика) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Анета Наумоска)**........496-512

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (Беркан Имери)........513

## ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(Лиса Јусуфи)**........514

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА (СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК, ИСТОРИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК И ПСИХОЛИНГВИСТИКА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"/Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 3.12.2018 година, за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик, и Психолингвистика), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-2783/4 од 25.12.2018 година, донесена на дваесет и седмата редовна седница одржана на 19.12.2018 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, и д-р Анжела Николовска, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик, и Психолингвистика), се пријави кандидатката д-р Анета Наумоска.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анета Наумоска е родена на 10.6.1983, во Скопје, а во периодот од 1985 до 1994 година престојувала со семејството во Канада, каде што завршила дел од основното образование, поточно до шесто одделение. Средното образование го завршила во ДУСО „Орце Николов" во Скопје, во 2001 година, со одличен успех. Во академската 2001/2002 година се запишала на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Во јуни 2005 година дипломирала со просек 9,58 и се стекнала со звањето: професор по англиски јазик и книжевност.

Во 2005 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии од областа англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Во 2010 година го одбранила својот магистерски труд на тема: *Родовата обележаност во англискиот јазик*

*одразена во пишаниште медиуми и во учебницише по англиски како сшрански јазик*, под менторство на проф. д-р Екатерина Бабамова.

Докторската дисертација ја пријавила на Катедрата за англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Кашегоријаша број во англискиош и во македонскиош јазик* ја одбранила во септември 2018 година, пред Комисија во состав: д-р Јованка Лазаревска-Станчевска (ментор), д-р Марија Јанева-Михајловска, д-р Анжела Николовска, д-р Анастазија Киркова-Наскова и д-р Симон Саздов. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по филолошки науки.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од своето дипломирање до денес, д-р Анета Наумоска има богато работно искуство во наставната дејност, во голем дел стекнато на Катедрата за англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Откако дипломира, кратко време работи како професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици во Скопје (2008/2009), а и во ДУСО „Орце Николов“ во Скопје (2011), и тоа на билингвалните паралелки на англиски јазик. Непрекинато од 2005 година до денес е член на Катедрата за англиски јазик и книжевност, изведувајќи настава (вежби) по различни предмети од областа на лингвистиката, прво како демонстратор, па како надворешен соработник, а и како стручњак по практика. Од 2011 до 2015 година е ангажирана како асистент по англиски јазик на истата Катедра, изведувајќи настава (вежби) по предметите: Морфологија, Лексикологија, Лексички категории, Граматички категории, Историја на англискиот јазик, и Современ англиски јазик. Од последниот избор во 2015 година како лектор по современ англиски јазик до 2018 година, кандидатката д-р Анета Наумоска изведува настава (вежби) по Современ англиски јазик, Лексички категории, Граматички категории, и Методика (хоспитации) на прв циклус студии.

Покрај изведувањето настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност, кандидатката предава Англиски јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ (УКИМ) во академската 2012/2013 година, од 2012 година до денес предава Англиски јазик во струка на Економскиот факултет (УКИМ), а од 2017 година до денес предава Англиски јазик на групите Новинарство и Политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (УКИМ).

Покрај редовната настава на Катедрата за англиски јазик и книжевност и на други факултети, д-р Анета Наумоска земала учество во бројни школи и работилници како раководител (вкупно: 4) или учесник (вкупно: 18). Еден од позначајните е 10-неделниот курс за критичко размислување во наставата по англиски како странски јазик (*Critical Thinking in the EFL Curriculum*), организиран од Универзитетот во Орегон, САД, за што има добиено стипендија од Американската амбасада (*E-Teacher Scholarship Program*).

Воедно, таа била член на 31 комисија за оцена или одбрана на дипломски труд на истата Катедра.

Д-р Анета Наумоска има објавено вкупно 12 статии во стручно-методски списанија на различни теми поврзани со учењето на англискиот како странски јазик на глобално ниво и предизвиците со кои генерално се соочуваат наставниците.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Анета Наумоска била учесник во национален научен проект (2015 година) со наслов „Реализација на проект за спроведување предлог-систем за континуиран професионален развој на наставниот кадар по англиски јазик", организиран во соработка со Министерството за образование и наука на РМ, Бирото за развој на образованието на РМ и Британскиот совет Македонија.

Кандидатката учествувала со свој реферат на 14 научни/стручни собири во земјата и во странство (Марибор, Ниш, Вроцлав, Љубљана, Опатија, Нови Сад, Врњачка Бања).

Д-р Анета Наумоска има објавено 5 статии во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и 2 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир:

- „Еуфемизмите наспроти табу - зборовите - разлики во говорниот и пишаниот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.* Книга 34. Скопје. 2008, стр. 417-429.

- „Навлегувањето на половата стереотипизација во англискиот јазик наспроти македонскиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.* Книга 35. Скопје. 2009, стр. 63-68.

- „Можни решенија за одбегнување на родовата обележаност во англискиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.* Книга 36. Скопје. 2010, стр. 213-222.

- „За родовото прашање во англискиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.* Книга 36. Скопје. 2010, стр. 483-487.

- „Учебниците по англиски како странски јазик за основно образование како носители на родова дистинкција." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.* Книга 38. Скопје. 2012, стр. 317-328.

- „Семиологијата на ПАРИТЕ во македонскиот јазик." *Зборник од VI Научен собир на млади македонисти.* Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје. 2010, стр. 51-70.

- "The Issue of Gender in Language". *Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум по повод 50-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик и*

*книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Скопје. 2011, стр. 145-154.

## IV. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во 2018 година, д-р Анета Наумоска објави (како коавтор) книга од стручна област - *Business English 1* - наменета за студентите од Економскиот факултет (УКИМ). Во 2010 година кандидатката ја објавила во печат својата магистерска теза, книгата под наслов *Родовата обележаност во англискиот јазик*, која ги евидентира најновите јазични промени кај граматичката категорија род, и потребата од неутрални и недискриминирачки начини на изразување.

Во 2016 година го објавила првиот деловен речник во форма на мобилна апликација (двојазичен: македонско-англиски и обратно), кој може да се симне од веб страната: www.macengdictionary.com. За изработката на речникот, таа ја одбрала токму оваа област на терминологија како резултат на нејзиното долгогодишно искуство како преведувач, а и искуството како наставник по предметот Англиски јазик во струка на Економскиот факултет (УКИМ).

Д-р Анета Наумоска има направено дополнителен материјал (8 страници со граматички вежби) како дел од учебникот за III година средно образование во РМ (*Think 3*: во издание на Cambridge University Press), заедно со дневни подготовки за 108 часа и тематско/глобално планирање. Овој учебник се користи на територијата на РМ од 2017 година наваму.

Кандидатката била оценувач на деловите слушање и читање од испитот IELTS од 2011 до 2018 година, а од 2016 година до денес е тестатор за говорење за испитите FCE и CAE, кои се администрираат преку Британскиот совет Македонија.

Д-р Анета Наумоска е активна и во преведувачката дејност, а од 2004 година до денес има направено бројни преводи од македонски на англиски јазик и обратно, од разни области, како, на пример, педагогија, психологија, лингвистика, економија, право, медицина и информатика. Таа има преведено 4 книги, 5 поглавја од книги/учебници и 14 статии. Како поголеми преведувачки активности може да се наведат преводот на биографијата на *Битлсите* од англиски на македонски јазик (книга над 500 страни, во издание на Арс Ламина, 2018), како и нејзиното учество во Проектот на Владата на РМ за превод на 500 стручни книги (превод на дел од учебник од англиски на македонски јазик - *Општествени истражувачки методи: Квалитативни и квантитативни пристапи* - во издание на „Просветно дело", 2009). Во овој контекст, таа направила стручна редакција на *Автобиографијата* на Агата Кристи (во издание на „Арс ламина", 2018). Д-р Анета Наумоска била ангажирана како симултан преведувач на Меѓународната научна конференција по повод 20 години од основањето на студиите по дефектологија на Филозофскиот факултет, во 2013 година. Во 2009 година, кандидатката извршила

коректура на учебникот *Modern English Grammar: Handbook* (автор: д-р Марија Јанева-Михајловска).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Таа учествувала во изработката на национална програма, и тоа како дел од стручен тим за изработка на нови наставни програми по англиски јазик за I до IV година за учениците во средното стручно образование (преку Бирото за развој на образованието на РМ). Таа била член на организациониот одбор на 2 меѓународни научни собира на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во РМ (2010 и 2012 година).

Д-р Анета Наумоска е активно вклучена и во дејностите од поширок интерес при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Од 2011 година, таа е ЕКТС - координатор за студентите од прва година при Катедрата за англиски јазик и književност. Редовно учествува во стручно-техничките комисии при Факултетот. Таа изведува и испити за познавање на англиски јазик и одредување ниво според Европската јазична рамка (CEFR).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Наумоска. Имајќи ја предвид комплетноста на нејзината личност, може лесно и сигурно да се предвиди дека д-р Анета Наумоска и понатаму ќе продолжи успешно да се развива и надградува во педагошката и научната област.

Врз основа на севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Анета Наумоска поседува наставно-научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги исполнува условите да биде избрана во звањето доцент во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик и Психолингвистика).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Анета Наумоска да биде избрана во звањето доцент во наставно-научната област англистика (Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик и Психолингвистика).

Рецензентска комисија

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Анжела Николовска, редовен професор, с.р.

**ОБРАЗЕЦ 2**

# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

д-р Анета Нове Наумоска

**Институција:**

Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

**Наставно-научна област:**

англистика

**Предмети:**

Современ англиски јазик, Историја на англискиот јазик, Психолингвистика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус студии (Филолошки факултет): 39.6<br>(зим.сем.2015/16 - 16x15x0.04) = 9.6; (лет.сем.2015/16 - 16x15x0.04) = 9.6<br>(зим.сем.2016/17 - 16x15x0.04) = 9.6; (лет.сем.2016/17 - 16x15x0.04) = 9.6<br>(зим.сем.2017/18 - 16x15x0.04) = 9.6; (лет.сем.2017/18 - 16x15x0.04) = 9.6<br>(зим.сем.2018/19 - 18x15x0.04) = 10.8 | 57 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии (Правен факултет): 7.2<br><br>(зим.сем.2017/18 – 6.5x15x0.04) = 3.9<br><br>(зим.сем.2018/19 – 6.5x15x0.04) = 3.9<br><br>Одржување на настава од прв циклус студии (Економски факултет): 8.4<br><br>(зим.сем.2015/16 - 6x15x0.04) = 3.6<br><br>(зим.сем.2016/17 - 4x15x0.04) = 2.4<br><br>(зим.сем.2017/18 - 4x15x0.04) = 2.4<br><br>Одржување на настава од прв циклус студии (Педагошки факултет): 1.8<br><br>(лет.сем.2012/13 - 3x15x0.04) = 1.8 | | |
| **2.** | Настава во школи и работилници:<br><br>- раководител: 4x1.5=6<br><br>- март 2013: *Asking Questions: The Key to Critical Thinking in the Framework of English* (како дел од летната школа *Trainer Training Summer School*, во организација на Британски совет Македонија);<br><br>- август 2012: *The Power of Incentives for Motivation in ELT* (летната школа за развој на наставници во организација на Cambridge University Press, во Врњачка Бања, Србија);<br><br>- октомври 2010: *Texting - Aid or Hindrance in EFL Learning?* (VI Меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје);<br><br>- октомври 2008: *Motivation as a Contributing Factor in the Success of the EFL Classroom* (V Меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје).<br><br>- учесник: 18x1=18<br><br>- септември 2018: *Online Learning: Use of ICT in Support of Language Teaching and Learning* (во организација на ECML, Совет на Европа);<br><br>- мај 2017: *Cambridge Day – Skopje* (во организација на Cambridge University Press, Британски совет Македонија, и Арс Ламина); | | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | - ноември-декември 2016: *Standardising assessment in universities* (во организација на Британски совет Македонија, Скопје);<br><br>- јануари 2015: првата Едуконференција за наставници и експерти по ИТ (во организација на Пријатели на образованието, Струга);<br><br>- ноември 2013: *Teacher Professional Development Training* (во организација на Educational Testing Service Global, Скопје);<br><br>- ноември 2013: *Propell Teacher Workshop for the TOEIC Listening and Reading Test* (во организација на Educational Testing Service Global, Скопје);<br><br>- јуни 2013: *Storytelling in English Teaching Workshop* (во организација на Британски совет Македонија, Скопје);<br><br>- јануари 2013: семинар за професионален развој (во организација на Express Publishing, Скопје);<br><br>- јуни 2012: *Trainer Training Summer School* (во организација на Британски совет Македонија, Скопје);<br><br>- мај 2012: *Cambridge Day – Macedonia* (во организација на Cambridge University Press, Скопје);<br><br>- јануари 2012: *Developing Trainer Winter School* (во организација на Британски совет Македонија, Скопје);<br><br>- април-јуни 2011: E-Teacher Scholarship Program (*Critical Thinking in the EFL Curriculum*), University of Oregon, Linguistics Department, American English Institute - Американска амбасада, Р. Македонија;<br><br>- февруари 2011: *Classroom Management Workshop* (во организација на Британски совет Македонија, Скопје);<br><br>- мај-декември 2008 (4 работилници): *ELTAM Professional Development Training - Second Cycle* (во организација на ЕЛТАМ, Скопје);<br><br>- октомври 2007-март 2008: *Newly Qualified Teachers' Course* (во организација на ЕЛТАМ и Британски совет Македонија, Скопје). | |
| 3. | <u>Подготовка на нов предмет:</u> 3x1.5=4.5<br><br>Англиски јазик во струка (Економски факултет) – предавања/вежби<br><br>Англиски јазик (Педагошки факултет) – предавања/вежби<br><br>Англиски јазик (Правен факултет) – предавања/вежби | 4.5 |
| 4. | <u>Консултации со студенти:</u><br><br><u>Филолошки факултет: 1.2</u> | 2.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | (зим.сем.2015/16 - 160x0.002) = 0.32; (лет.сем.2015/16 - 160x0.002) = 0.32<br><br>(зим.сем.2016/17 - 160x0.002) = 0.32; (лет.сем.2016/17 - 160x0.002) = 0.32<br><br>(зим.сем.2017/18 - 160x0.002) = 0.32; (лет.сем.2017/18 - 160x0.002) = 0.32<br><br>(зим.сем.2018/19 - 120x0.002) = 0.24<br><br><u>Правен факултет: 0.32</u><br><br>(зим.сем.2017/18 - 80x0.002) = 0.16<br><br>(зим.сем.2018/19 - 80x0.002) = 0.16<br><br><u>Економски факултет: 1.2</u><br><br>(лет.сем.2016/17 - 300x0.002) = 0.6<br><br>(лет.сем.2017/18 - 300x0.002) = 0.6<br><br><u>Педагошки факултет: 0.08</u><br><br>(лет.сем.2012/13 - 40x0.002) = 0.08 | |
| 5. | <u>Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа:</u> 31x0.1=3.1 | 3.1 |
| 6. | <u>Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание:</u> 12x1=12<br><br>- април 2018: Критика за книгата “ETpedia Business English.” *Modern English Teacher*, број 27/2. стр. 81-82.<br><br>- јануари 2016: Критика за книгата “English for Academic Study: Grammar for Writing.” *Modern English Teacher*, број 25/1. стр. 79-80.<br><br>- ноември-декември 2011: “Language Needs and Language Requirements.” *IATEFL Voices Newsletter*, број 223. стр. 10.<br><br>- јануари 2011: “Bending the Gender of Inanimate Nouns.” *Modern English Teacher*, број 20/1. стр. 11-13.<br><br>- јануари 2011: Критика за книгата “Controversies in ELT: What you always wanted to know about teaching English but were afraid to ask.” *Modern English Teacher*, број 20/1. стр. 91. | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир: 2x2=4<br><br>- "The Issue of Gender in Language". *Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум по повод 50-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Скопје. 2011, стр. 145-154.<br><br>- „Семиологијата на ПАРИТЕ во македонскиот јазик." *Зборник од VI научен собир на млади македонисти*. Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје. 2010, стр. 51-70. | 4 |
| 3. | Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа: 5x2=10<br><br>- „Учебниците по англиски како странски јазик за основно образование како носители на родова дистинкција." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Книга 38. Скопје. 2012, стр. 317-328.<br><br>- „Можни решенија за одбегнување на родовата обележаност во англискиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Книга 36. Скопје. 2010, стр. 213-222.<br><br>- „За родовото прашање во англискиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Книга 36. Скопје. 2010, стр. 483-487.<br><br>- „Навлегувањето на половата стереотипизација во англискиот јазик наспроти македонскиот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Книга 35. Скопје. 2009, стр. 63-68.<br><br>- „Еуфемизмите наспроти табу зборовите - разлики во говорниот и пишаниот јазик." *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје*. Книга 34. Скопје. 2008, стр. 417-429. | 10 |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br><br>- усна презентација: 14x1=14<br><br>- септември 2017: *The Middle Ground of Language Competence and Translation Competence: An EFL Case* (Универзитет во Марибор, Словенија);<br><br>- ноември 2016: *Business English Writing Skills in a Digital World* (Филозофски факултет, Универзитет во Ниш, Србија);<br><br>- март 2016: *Critical Thinking Skills as Instigators for Improved Writing Skills* (Меѓународна конференција ЕСИДРП, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје); | 14 |

| | | |
|---|---|---|
| | - октомври 2012: *Becoming a Textbook-Gender-Conscious Teacher* (VII меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје);<br><br>- септември 2012: *The Powerful Forces of Motivation for Teachers and Students* (XXI Меѓународна конференција на IATEFL Полска, Вроцлав);<br><br>- јуни 2012: *Challenging Dual Gender Nouns in English* (национална конференција *Quality of Learning and Teaching: Policy and Practice*, на ЈИЕ Универзитетот, Тетово);<br><br>- мај 2012: *The Androcentric English Language* (SDAS - Асоцијација за проучување на англискиот јазик во Словенија - Љубљана, Словенија);<br><br>- април 2012: *Gender Identity in EFL Textbooks* (HUPE - Асоцијација на наставници по англиски јазик во Хрватска - Опатија, Хрватска);<br><br>- април 2011: *A New Dimension to Texting* (IX меѓународна ELTA конференција, Филозофски факултет, Нови Сад, Србија);<br><br>- октомври 2010: *Полова (не)еднаквосѿ и каѿеѓоријаѿа РОД во македонскиоѿ и анѓлискиоѿ јазик* (VII научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје);<br><br>- декември 2009: *Bringing Englishes into the Language Classroom Through Culture* (Меѓународна конференција по повод 80-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик, Филолошки факултет, Белград, Србија);<br><br>- декември 2008: *Семиолоѓијаѿа на ПАРИТЕ во македонскиоѿ јазик* (VI научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје);<br><br>- октомври 2008: *Intercultural Awareness and Competence in the EFL Classroom in Primary School Education* (V меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје);<br><br>- септември 2008: *The Issue of Gender in Language* (Меѓународен симпозиум по повод 50-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје). | |
| | **Вкупно** | **31** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област: 15<br><br>- коавтор: 1x7=7<br><br>Naumoska-Sarakinska, Biljana; Naumoska, Aneta. *Business English 1*. Skopje: 2018.<br><br>- автор: 1x8=8<br><br>Наумоска, Анета. *Родоваūа обележаносū во анīлискиоū јазик*. Скопје: Винсент графика, декември 2010. | 15 |
| 2. | Речник: 1x6=6<br><br>- автор: прв деловен речник во форма на мобилна апликација (анг-мак и обратно). | 6 |
| 3. | Основен средношколски учебник: 1x6=6<br><br>- коавтор:<br><br>2017: Креирање дополнителен материјал (стр. 129-136) во учебникот за III година средно образование во Р Македонија (Think 3) + дневни подготовки и тематско/глобално планирање. | 6 |
| 4. | Експертски активности: 3x1=3<br><br>- февруари 2016-денес: Тестатор за говорење за испитите FCE и CAE (Examiner for Speaking), Британски совет Македонија.<br><br>- јуни 2011-март 2018: Оценувач на деловите слушање и читање од испитот IELTS - University of Cambridge (clerical marker), Британски совет Македонија. | 3 |
| 5. | Учество во работата на комисии за државни натпревари: 1x1=1<br><br>- јануари 2012: Национален оценувач во VI Државен натпревар за најдобар есеј (во организација на ЕЛТАМ и Мировниот корпус во Р. Македонија). | 1 |
| 6. | Превод:<br><br>- книга: 4x3=12<br><br>- 2018: *Биūлси*, од Хантер Дејвис, Арс Ламина, Скопје.<br><br>- 2013: *Соūруīа 22*, од Мелани Гидеон, Просветно Дело, Скопје. | 21 |

| | | |
|---|---|---|
| | - 2010: *Здрави и среќни по 40-тата година*, од д-р Адарш Џаин, „Просветно дело", Скопје.<br><br>- 2010: *Како да останеме млади: Водич за современите жени*, од д-р Анурадха Гупта, „Просветно дело", Скопје.<br><br>- дел од книга: 2x1=2<br><br>- 2018: *Монографија за Скопје*, поглавја: Драги Митревски, Бобан Петровски, Исамедин Азизи.<br><br>- 2009: (учебник) *Општествено истражувачки методи: Квалитативни и квантитативни пристапи*, VI издание, од В. Лоренс Њуман, Просветно Дело, Скопје (*поглавје 11, 13, 15, Додаток*) - Дел од Проектот на Владата на Р Македонија за превод на 500 стручни книги.<br><br>- статија: 14x0.5=7<br><br>- 2013: Зборникот од меѓународниот научен симпозиум („Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото") по повод 65 години Јубилеј на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје (*Анета Баракоска, Вера Стојановска, Наташа Ангелоска-Галевска, Сузана Миовска-Спасева/Јадранка Бочварова, Марија Тофивиќ-Ќамилова/Елизабета Томеска-Илиевска, Јасмина Делчева-Диздаревиќ, Трајан Гоцевски, Алма Тасевска, Елена Ризова, Јулија Атанаскоска, Јасмина Романова, Катерина Сапунџиева, Соња Величковиќ, Лена Дамовска*). | |
| 7. | Толкувачки ангажман (симултан): 3 (работни дена)x0.5=1.5<br><br>- 17-19 октомври 2013: Меѓународна научна конференција по повод 20 години од основањето на студиите по дефектологија на Филозофскиот факултет („Современи аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност"). | 1.5 |
| 8. | Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик:<br><br>- книга: 1x1=1<br><br>- ноември 2009: Јанева-Михајловска, Марија. *Modern English Grammar: Handbook*. Тримакс, Скопје.<br><br>- статија: 7x0.25=1.75<br><br>- декември 2010: *Macedonian Historical Review*. Книга 1. Скопје, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" (*Бобан* | 2.75 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Петровски, Драги Митревски, Елица Манева, Јелена Јариќ, Тони Филипоски, Ирина Теодора Петровска, Борче Илиевски*). | |
| 9. | Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик:<br>- книга: 1x1=1<br>- 2017: Кристи, Агата. *Автобиографија*. „Арс ламина", Скопје. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: 2x1=2<br>- октомври 2012: VII Меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје;<br>- октомври 2010: VI Меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција, Скопје. | 2 |
| 2. | Член на факултетска комисија: 4x0.5=2<br>- 2018/19, 2015/16, 2009/10, 2008/09: Техничка комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг - листите на пријавените кандидати за упис на Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје. | 2 |
| 3. | Координатор на студиска програма: 1x1=1<br>- 2011-денес: ЕКТС координатор за студентите од прва година при Катедрата за англиски јазик и книжевност. | 1 |
| 4. | Учество во изработка на национална програма од одредена област: 1x3=3<br>- јуни-ноември 2018: Дел од стручен тим за изработка на нови наставни програми по англиски јазик (I-IV година) за учениците во средното стручно образование (БРО). | 3 |
| | **Вкупно** | **65.25** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **103,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **31** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **65,25** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **199,65** |

**Членови на Комисијата**

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Анжела Николовска, редовен професор, с.р.